„Секој ден, кога ќе осамнат луѓето, слегуваат двајца мелеци. Едниот вели: ‚О Аллах, надомести му на оној што троши (во добри дела)!‘ А другиот вели: ‚О Аллах, направи имотот на оној што е скржав да пропадне!‘“

Од Ебу Хурејре, Аллах нека е задоволен со него, се пренесува дека веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Секој ден, кога ќе осамнат луѓето, слегуваат двајца мелеци. Едниот вели: ‚О Аллах, надомести му на оној што троши (во добри дела)!‘ А другиот вели: ‚О Аллах, направи имотот на оној што е скржав да пропадне!‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека секој ден кога ќе изгрее Сонцето, слегуваат двајца мелеци и повикуваат, едниот од нив вели: „О Аллах, подари му на оној што го троши својот имот во покорност кон Тебе, за своето семејство, за гостите и за доброволните дела – надоместок и уште поголема добрина, и подари му бериќет.“ А другиот вели: „О Аллах, направи имотот на оној што е скржав и не дава во добри цели да пропадне, и уништи го богатството што го ускратил од оние што го заслужуваат.“

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3379